**МЕНАЏЕР ЗА ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ**

Ако сакате предизвик, а притоа сте динамична и одговорна личност и барате стабилност, професионален раст и долгорочна кариера, со задоволство Ве повикуваме да се пријавите на нашиот оглас за вработување.

Вашата улога како Менаџер за продажба и маркетинг е да го поттикне растот на приходите на организацијата преку развивање ефективни маркетинг стратегии и водечки тимови за продажба за да ги постигнат своите цели.

Потребни квалификации:

- високо образование: завршен економски факултет оддел маркетинг и менаџмент, машински, хемиски или друг технички факултет (не е обрврзувачки),
- задолжително добро познавање на англиски јазик,
- познавање на ексел, високо ниво,
- пишување и одговарање на меилови, високо ниво,
- одлично познавање на MS Office пакетот и компјутерски програми и апликации,
- поседување на возачка дозвола Б категорија (активен возач),
- Високи организациски способности, со нагласена проактивност и независност

Работни обврски:

- Унапредување на продажбата согласно пазарните можности,
- Развој на нови канали на продажба во МК,
- Развој на меѓународни канали за продажба,
- Креирање и спроведување на маркетинг стратегија и маркетинг активности, согласно целите на продажба,
- Соработка со агенции и партнери,
- Предлагање канали за комуникација со разни целни групи,
- Планирање и организирање на продажни активности,
- Управување и контрола на продажбата, следење и преземање на активности за унапредување на истата,

· Развивање и одржување на односи со клиенти, комуникација со постоечки и потенцијални клиенти.

Вештини и способности:

· одлични комуникациски, презентациски и преговарачки вештини,

· професионалност и организираност,

· организациски и аналитички способности,

· позитивен став, лојалност, транспарентност, и темелност,

· ориентираност кон клиенти и градење однос со потрошувачи,

· одговорност, динамичност, иницијативност и насоченост кон резултати,

· способност за работа во тим и самостојна работа,

· планирање и управување со активности на социјални мрежи,

· раководни и координирачки способности,

· желба за учење и напредок

Компанијата нуди:

· Динамична работа во брзо растечка компанија која планира да се развива на глобално ниво,

· Работа со тим од професионалци и индивидуалци кои веруваат во интегритет, тимска работа и отворена комуникација,

· Можност за надворешни обуки за усовршување во областа,

· Позитивна разновидна и динамична работна средина,

· Можност за градење на успешна кариера,

· Одлични услови за работа во тим и самостојна работа,

· Можност за соработка со интернационални клиенти и соработници

· Можност да бидете дел од тимот кој ќе развие препознатлив меѓународен а сепак македонски бренд.

Сите апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

Испратете ја Вашата кратка биографија (CV) на: info@inter-cert.net

Во согласност со законот за заштита на лични податоци, со самото испраќање на Вашето CV се согласувате Вашите податоци да бидат чувани во база и обработувани за намена за сегашно или идно вработување од страна на Интерцерт Скопје.